Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
**од Осумдесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 септември 2022 година**

**Скопје, септември 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 септември 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет-комуникација започна во 15:55 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата: д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

Покрај членовите на Владата на седницата учествуваа и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, Зоран Маневски, заменик на министерот за економија и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата учествуваше и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествува: д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, и членовите на Владата: Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Никола Тупанчевски, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Барање на дополнителни финансиски средства за санација на Спортски Центар Борис Трајковски во Скопје

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Барањето за обезбедување на дополнителни финансиски средства за санација на Спортски центар „Борис Трајковски" во Скопје и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се одобруваат финансиски средства на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски" ДООЕЛ Скопје во износ од 37.840.000,00 денари од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, со цел изведување санација и задолжителни инфраструктурни и технички модификации на Арената во комплексот на Спортскиот центар Борис Трајковски во Скопје, за одржување на „Европско ракометно првенство во женска сениорска конкуренција" (Women's EHF EURO 2022), во периодот од 4 до 20 ноември 2022 година.

2. Се задолжува Бирото за јавни набавки да дава претходни мислења за започнување постапки со преговарање без претходно објавување оглас за спроведување постапки за јавни набавки за стоки, услуги и работи потребни за изведување санација и задолжителни инфраструктурни и технички модификации на Арената во комплексот на Спортскиот центар „Борис Трајковски" во Скопје за одржување на „Европско ракометно првенство во женска сениорска конкуренција" (Women's EHF EURO 2022), во периодот од 4 до 20 ноември 2022 година, во најкраток можен рок од законски утврдениот сметано од денот на добивањето на барањата.

Истовремено, согласно укажувањето на д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, за одржувањето на Министерскиот совет на ОБСЕ во декември 2023 година и за таа цел потребата од преземање на соодветни активности за реконструкција и санација на Спортскиот центар „Борис Трајковски" во Скопје, се задолжува Министерството за надворешни работи да ја разгледа Техничката спецификација за изведување на работи во комплексот на Спортскиот центар „Борис Трајковски" во Скопје и да изврши консултација со Министерството за финансии и Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски" ДООЕЛ Скопје во однос на потребата од изменување на Техничката спецификација за изведување на работи во комплексот на Спортскиот центар „Борис Трајковски" во Скопје, а согласно тоа и потребните финансиски средства.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

По оваа точка немаше прашања  ниту предлози.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:00 часот.

| Генерален секратар на Владата на Република Северна Македонија | Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|
| **м-р Методија Димовски** | **dr. Artan Grubi** |